СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# БЛАГОЈ ИЛИЕВ

за Конче



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



„Визија за општина каде секој жител живее достоинствено , има можности да успее, и да биде дел од својата заедница што напредува. Заедно го градиме Конче од нашите перспективи“

**Почитувани сограѓани,**

Како ваш поранешен градоначалник во периодот 2017–2021 година, имав чест и одговорност да работам исклучиво за интересите на граѓаните, а не за партиски или лични интереси. Во тој период започнавме многу проекти, го подобривме квалитетот на животот, обезбедивме транспарентно работење и поставивме основа за чесно и одговорно управување со општината.

Мојата професионална биографија е поврзана со долгогодишна работа во јавниот сектор, во која стекнав искуство во раководење со проекти и решавање на проблемите на заедницата. Секогаш сум настапувал одговорно и принципиелно, со јасна визија дека јавниот интерес мора да биде над сè. Знам дека по завршувањето на мојот мандат, голем дел од она што се работеше беше надвор од законските рамки и често на штета на граѓаните. Ви ветувам дека сè што не е законски изведено ќе биде целосно преиспитано од надлежните државни институции. Секој потег што е направен спротивно на законот ќе биде санкциониран, затоа што општината е на граѓаните, а не на поединци и групи.

Се кандидирам повторно затоа што верувам дека можеме да изградиме поодговорна, поразвиена и поуспешна Општина Конче.

Мојата визија е:

- транспарентно и чесно управување со јавните пари,
- развој на инфраструктурата со реални и одржливи проекти,
- поддршка на образованието, младите и културата,
- економски развој преку поддршка на локалното земјоделство и малиот бизнис,
- создавање општина во која граѓаните ќе имаат доверба во институциите.

Како жител на оваа општина, како родител и како човек што ја сака својата средина, ги знам сите наши предизвици, но и нашиот огромен потенцијал.

Ве повикувам да ми ја дадете вашата доверба, вашата поддршка и вашиот глас заедно да ги вратиме правдата, чесноста и вистинскиот развој во Општина Конче.

Со почит,

**Благој Илиев**

Кандидат за градоначалник на Општина Конче

**СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Конче

Ние, кандидатите за членови во Советот на Општина Конче, ви се обраќаме со искрена порака: проблемите со кои се соочува општината се и наши проблеми. Вашите потреби, барања и идеи се наши приоритети.
Ќе бидеме вашите застапници, гласноговорници и борци – за да се слушне гласот на секој граѓанин, од секое село и секој дом. Заедно можеме да изградиме општина каде што сите имаат чиста вода, чисти улици, подобри патишта, како и сигурна поддршка за земјоделците, можности за младите, развој на малите бизниси и зачувана култура и традиција.
Ветуваме чесна, посветена и транспарентна работа. Со вашата поддршка, ќе го донесеме гласот на народот во Советот на Општината.

Заедно за подобра Општина Конче – гласот на граѓаните во Советот!

1. Ристо Томов, р. 1985, земјоделски техничар, СДСМ Ракитец
2. Серхан Нанушев, р. 1991, правник и социјален работник, СДСМ Конче
3. Ивана Ристова, р. 1990, дипломиран воспитувач, СДСМ Дедино
4. Мартин Илиев, р. 1993, магистер по фармација, СДСМ Дедино
5. Слаѓана Петрова, р. 2001, дипломиран инженер технолог,СДСМ Габревци
6. Николинка Василева, р. 2005, студент на економски факутет, СДСМ Конче
7. Георге Јованов, р. 1965, земјоделец, СДСМ Долни Липовиќ
8. Фидаје Вејселова, р. 1985, вработена во трговија, СДСМ Конче
9. Антонио Јанев, р. 2007, спортска академија, СДСМ Горни Липовиќ

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Во периодот од 2017 до 2021 година реализиравме повеќе од 80 проекти во Општина Конче, меѓу кои:
  - изградба на детска градинка;
  - изградба на спортска сала;
  - изградено речно корито во с. Дедино;
  - отворени нови работни места;
  - изградба на ново улично осветлување во селата;
  - изградени голем број општински патишта и асфалтирање на повеќе улици во селата;
  - реконструкција на училишното игралиште во ООУ „Гоце Делчев"
  - изградба на две нови спортски игралишта;
  - отворање програми за социјално ранливи категории граѓани - помош за секого;
  - набавување на нова механизација, нов трактор, приколки и автомобили за потребите на општината како и возило за превоз на топол оброк и многубројни приклучни машини, алат и прибор;
  - опрема за противпожарното друштво;
- Општината работеше за доброто на сите граѓани, без разлика на нивната национална или партиска припадност. Секој граѓанин беше важен.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Конче

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Индустриска зона 'Лакавица' – локалната урбанистичка документација никогаш не се изработи. Ова требаше да донесе работни места и инвестиции.
- Фекална канализација во Конче – делумно започната, недовршена работа што ги остава граѓаните во нехигиенски услови.
- Тротоари од 3500 $м^2$ – наместо практичен асфалт, добивме претерано поплочување со бехатон, пренагласен проект без вистинска корист.
- Субвенции за енергетска ефикасност – ниту еден дом не доби поддршка за поевтина струја.
- Локален пат Конче - Долни Липовиќ – неизграден, граѓаните и натаму газат кал, без надеж за подобра поврзаност меѓу селата.
- Реката во Ракитец – уредувањето на речното корито не започна, оставајќи го селото запуштено и под ризик од поплави.
- Коритото на Стругалница во Долни Липовиќ – партерното уредување е нецелосно, уште еден започнат проект без визија.





- Водоснабдување во Сончева езерска населба – нема ни капка вода од ветениот систем, а туристичкиот потенцијал пропаѓа.
- Реконструкција на водосистемите – селата остануваат без вода поголем дел од годината, а ветената 'комплетна реконструкција' е сведена на срамни минимални зафати.
- Стадион во Конче – тревникот и соблекувалните пропаѓаат, младите без место за спорт, а ветувањата за реконструкција – празни.

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто повторно се кандидирам?**

Се кандидирам затоа што верувам дека Општина Конче заслужува континуитет на развојот што го започнавме. Мојата најголема мотивација сте вие – граѓаните, и мојата обврска е да продолжиме таму каде што застанавме, со уште посилна визија и нови проекти. Сакам да го довршам она што го ветив: подобра инфраструктура, поддршка за семејствата и економски раст. Со нови идеи, како што е изградба на спортски терени за младите и целосна модернизација на селата, ќе го зацврстам напредокот, осигурувајќи се дека секој граѓанин чувствува промена.

- **Колку е важна визијата за општината?**

Без визија нема насока, а без насока нема развој. Визијата за Општина Конче е визија за едно подобро, похумано и посовремено место за живеење. Но тоа е и дел од

поголема визија – визија за општество во кое секој граѓанин има еднакви можности и достоинствен живот. Ова вклучува паметно планирање на просторот, развој на туризам околу езерото Мантово и создавање услови за квалитетно образование, здравство и култура, со цел Општина Конче да стане пример за рурална успешност.

- **Што мора да се направи во следниот мандат?**

Не е доволно само да градиме улици и патишта. Тоа е основа, но не е доволно. Во следниот мандат мора да вложиме во секој еден човек: во младите, во образованието, во здравството, во социјалната сигурност. Инфраструктурата е темел, но општината ја прават луѓето и нивните животи. Ќе воведам бесплатни комунални услуги, социјални услуги, медицински прегледи во селата, модернизација на училиштата



со дигитални уреди и програми за обука на невработените, жените ,овозможувајќи целосна грижа за сите генерации.

- **Колку се важни младите?**

Младите се срцето и иднината на нашата општина. Без нив – нема иднина. Ќе

обезбедиме услови младите да останат овде, со можности за образование, работа, спорт, култура и забава. Ќе ги поддржиме во образованието и ќе ги стимулираме да создаваат свои бизниси. Планирани се стипендии за студенти, бесплатни ИТ-курсеви и поддршка за стартапи, заедно со спортски центри и културни настани што ќе ги задржат да останат и да ја градат својата иднинана во нашата општина.

- **Како гледам на безбедноста на граѓаните?**

Безбедноста е предуслов за слобода. Секоја улица и секое село мора да биде осветлено, а општината да реагира брзо и ефикасно на секој проблем – од сообраќајни ризици до природни непогоди. Ќе инвестирам во ЛЕД-осветлување на сите патеки, општинска патрола за ноќна безбедност и системи за ран аларм за поплави за поголема безбедност на секое семејство.

- **Планирање на просторот и мобилноста?**

Планирањето на просторот и мобилноста е клучно. Добро планирани патишта, јавен превоз, велосипедски и пешачки патеки, современо уредени јавни простори – тоа е патот кон побрз развој и подобар квалитет на животот. Ќе изградам нови автобуски постојки, уредени паркови во Конче и Дедино, како и линија за бесплатен превоз до Радовиш, олеснувајќи го секојдневието на граѓаните и привлекувајќи нови жители.

## Екологија и чиста животна средина

Не сме осудени да живееме во нечистотија и загадување. Во следниот мандат приоритет ќе биде чиста околина, модерно управување со отпадот, уредени депонии и зелени политики. Сакаме да оставиме чист воздух и здрава средина за идните генерации. Планирани се кампањи за рециклирање, пошумување на 5.000 дрвја и чистење на езерото Мантово и Конечки Езера за да го зачуваме природното богатство.

## Доверба и транспарентност

Знам дека довербата на граѓаните во институциите е нарушена. Нашата општина ќе покаже дека може поинаку: со транспарентност во трошењето, отвореност кон граѓаните, јавни седници и достапност на секој документ. Корупцијата нема место во нашата општина. Ќе воведам онлајн платформа за следење на **буџет**от и месечни средби со граѓаните за отчетност.

## Иселување и наталитет

Немаме иднина без луѓе. Ќе работиме на мерки што ќе ги задржат младите: субвенции за млади брачни парови, поддршка за секое новородено дете, бесплатни градинки и поддршка за малите бизниси. Конче мора да биде место каде што луѓето гледаат перспектива за своите семејства. Ќе додадеме месечни додатоци за ученици и фонд за рурален туризам.



- **Зошто граѓаните да гласаат за мене?**

Затоа што јас не сум само кандидат – јас сум ваш сограѓанин што ја знае секоја улица, секој проблем и секоја потреба. Не ветувам чуда, ветувам работа, чесност и резултати. Мојата разлика од другите е тоа што јас веќе покажав дека може да се работи за сите – без поделби. Заедно можеме да направиме Конче да стане дом за сите генерации.

Мојата визија за Конче е визија за Општина во која луѓето се на прво место. Општина која што гради, развива и се грижи – заедно со своите граѓани.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Земјоделство**

Ќе ги подобриме полските патишта – со тврд камен-тампон во Конче, Дедино, Ракитец, Долни Липовиќ, Лубница, Габревци и Горни Липовиќ. Тоа значи километри цврста подлога по која машините ќе се движат лесно и без оштетувања. На главните патишта во Конче и Дедино ќе асфалтираме по 2 километри, а во другите села по 1,5 километри – мазен, безбеден асфалт директно до нивите.

- **Индустриска зона**

Во Лакавица ќе изградиме мала индустриска зона - пазар со хала за сортирање зеленчук, ладилници за складирање овошје, како и машини за пакување и преработка. Со асфалтен пат, струја и вода, зоната ќе вработи 20-30 жители од Општина Конче – вашите соседи, вашите деца.

- **Вода за секое населено место, каде што сушата веќе нема да биде пречка.**
    - Од акумулацијата Пожар до Конче водата ќе стигнува преку пумпи и цевковод.
    - Ќе ги поврземе Конечките Езера со Конечкото Поле.
    - Ќе ископаме бунари за резерви во секое село.
    - За 500 домаќинства ќе дадеме субвенции за системот „капка по капка" – вода директно до коренот, без отпад.

- **Жени – Столб на секое семејство**

Жените се столбот на секое семејство. Време е да ја добијат поддршката што ја заслужуваат. Во земјоделската кооператива „Конечко поле", ќе имаат можност да произведуваат традиционални производи, како што се ајвар, мед и разни ракотворби. Ќе имаат пристап и до машини, како и обуки и поддршка со цел да им се олесни работата.

Нивните производи ќе се продаваат на саемите низ Општина Конче и низ државата, а приходот ќе останува кај нив.

- **Спорт и млади – Енергија што се враќа**

Фудбалските денови на Конче се враќаат!

Предвидена е изградба на ново фудбалско игралиште со зелена трева и осветлување, бесплатни тренинзи за деца од 8 до 18 години, а ќе бидат обезбедени и топки, дресови и тренери, ќе се формираат екипи, и тоа помлади, јуниори и сениори што ќе играат во Струмичкиот Регион, а летниот камп „Фудбалско лето" ќе донесе нови пријателства и радости.

- **Пензионери – Почит и грижа за секого**

Ќе се отворат пензионерски простории за дружење во секое село, дневен центар за престој и рехабилитација во с. Ракитец, превозно возило за потребите на пензионерите, бесплатни сезонски вакцини за сите пензионери, како и домашна здравствена нега за секој пензионер, во секое село.

- **Образование – Инвестиција во иднината**

Нашите деца заслужуваат квалитетно образование, и затоа образованието ќе биде нашиот врвен приоритет. Особено ќе се заложиме да ги мотивираме наставниците, понатаму модерна настава и ученици што ќе бидат стимулирани да постигнуваат одлични образовни резултати преку разни прошетки и посети на театри, музеи и спортско дружење, организирани од страна на општината.

- **Култура – Традицијата оживува**

Фолклорните друштва повторно ќе ги соберат младите и старите околу песната и ората. Ќе обезбедиме нови носии, а ќе организираме и локални фестивали што ќе ја оживеат конечката традиција. Реновираниот Дом на културата ќе биде место каде што граѓаните ќе можат да се дружат и да гледаат филмови и театарски претстави. Наша цел ќе биде и да ги обновиме и да ги осветлиме кулите во Конче како симболи на нашата историја.

Катарина Кантакузина – силна жена од минатото – ќе стане симбол на нашата иднина. Со фестивали, музика, театар и спомен-обележје во центарот на селото, нејзината приказна ќе нè инспирира.

- **Транспорт**

За првпат во 30 години постење на Општина Конче, граѓаните ќе добијат организиран бесплатен превоз од Општина Конче до Радовиш во двете насоки, и тоа во три термини, наутро, напладне и попладне. Превоз за сите граѓани што секојдневно патуваат на работа надвор од Општина Конче како знак на поддршка за вложениот труд.

- **Животна средина**

Градиме нова, современа општинска депонија, која на еколошки и безбеден начин ќе го собира, ќе го транспортира и ќе го депонира отпадот од сите села во општината. Оваа услуга ќе биде бесплатна за сите граѓани! Со ова, ја штитиме природата што нè опкружува, ја чуваме животна средина и градиме поубаво и поуредено општество за сите граѓани на Општина Конче.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Реконструкција на регионалниот пат Радовиш - Конче во должина на цела територија на Општина Конче, до граница со Општина Радовиш

(900 карактери) Реконструкција и проширување на единствениот патен правец за излез и влез во Општина Конче. Проширување на патниот правец Радовиш - Конче до 5,5 метри, со цел добивање на две коловозни ленти во два патни правци, осигурувајќи нормално движење на возилата без опасности од тесните делови. Општина Конче конечно мора да биде поврзана со уреден, изграден пат според современите стандарди. Планирано е и поставување осветлување покрај патот, изградба на заштитни огради на критичните точки и одржување на патот со општински тимови. Ова ќе го олесни транспортот за граѓаните, ќе привлече инвестиции и ќе го подобри туризмот, особено околу езерото Мантово, правејќи ја општината побезбедна и достапна за сите.

**Влијание на проектот:**

(160 карактери) Проектот ќе има огромно влијание врз развојот на општината, животот на граѓаните, поддршка на економијата и намалување на иселувањето, нормални услови за живот во рурална општина.

**Целна група:** Сите граѓани на Општина Конче

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Буџет** 200 милиони денари.

## ■ Реконструкција на селски водоводи

(900 карактери) Водоводите, и покрај постоењето на јавно комунално претпријатие, се во исклучително лоша, застарена и амортизирана состојба, па е потребна целосна санација, реконструкција и доградба, како и изградба на нови бунари за дополнување со нови количини пивка вода. Поради големите суши во летниот период, речиси сите села се со недоволно количество пивка вода и со многу лош квалитет, што се одразува негативно врз здравјето на граѓаните, особено децата и лицата со нарушено здравје. Планирано е модернизирање на системот со нови цевководи, филтри за пречистување и резервоари за стабилно снабдување. Ќе се воведат мобилни водни единици за критични

периоди и кампањи за штедење вода, осигурувајќи здравје и квалитетен живот за сите.

**Влијание на проектот:**

(160 карактери) Огромно влијание врз животниот стандард, обезбедувајќи чиста, пивка и безбедна вода. Се зачувува здравјето на граѓаните.

**Целна група:**

Сите граѓани, особено децата и хронично болните и лицата со потешки болести.

**Рок на реализација** 2025-2027

**Буџет** 60 милиони денари.

## Отворање индустриска зона со мини фабрика за откуп на зеленчук и овошје

(900 карактери) Општина Конче има изработен проект за индустриска зона на Лакавица со намена за отворање погони за собирање, селекција и пакување на земјоделски производи. Се планира отворање на индустриска зона со обезбедена патна, водоводна и електроинфраструктура за фирми што ќе сакаат да изградат погони за земјоделски производи, како и откупна странска фирма за тутун. Со започнување на работата на овие погони се планира локално вработување до 30 лица од општината. Проектот вклучува и изградба на модерна логистичка база, субвенции за почетници во бизнисот и обуки за квалификација на работниците. Ќе се овозможи соработка со регионални пазари за пласман на производите, особено органски производи од Конечко Поле, со што ќе се привлечат инвестиции преку европски грантови. Ова ќе го зајакне економскиот развој и ќе го спречи иселувањето.

**Влијание на проектот:**

(160 карактери) Општо добро влијание врз локалната економија и поттикнување врз развојот на земјоделското производство бидејќи се обезбедува сигурен пласман на произведеното дома во својата општина.

**Целна група:**

Земјоделци, работници, локални фирми, занаетчии од Општина Конче

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 50 милиони денари

# ПРОЕКТИ

## Асфалтирање и тампонирање на поважни полски патишта во општината

Општина Конче е 95 % земјоделска општина и земјоделството е главна стопанска дејност. Земјоделците, за жал, патуваат по многу лоши полски патишта, кои не се одржуваат навреме и правилно. Со изградба, тампонирање и асфалтирање на поважни полски патишта, минимум по еден за секое населено место, значително ќе се подобри земјоделската работа и пократко ќе се пристигнува до обработливите површини.

**Влијание на проектот:**

Општо големо позитивно влијание врз развојот на земјоделството и локалната економија и благосостојбата на работното население во Општина Конче.

**Целна група:** Земјоделци

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Буџет** 10 милиони денари.

## Изградба на брана на локација под Пожар Конче и по два бунара за наводнување во секое село

Конче (400-650 м надморска височина) има слаби подземни води и ниски врнежи, па земјоделците, особено во последните години, се во тешка ситуација – посевите се суви, а производството слабо. Со изградба на брана под Пожар и бунари за акумулација на вода, ќе се обезбедат минимални количини за наводнување со систем „капка по капка“ за тутун, овоштарство, лозарство и други култури.

**Влијание на проектот:**

Големо влијание за продуктивно современо земјоделство, кое се наводнува со систем „капка по капка“ и има поголем принос по површина хектар од тутун, лозје, овоштарство и други.

**Целна група:**

Земјоделци, полјоделци, градинари, овоштари, лозари.

**Рок на реализација** 2027 - 2028

**Буџет** 50 милиони денари

## Отворање општински институции, едношалтерски систем, полиција, Агенција за вработување, канцеларија за земјоделство, канцеларија за социјални работи, противпожарна станица.

Конче како општина што постои 30 години, не успеа да ги развие локалните услуги. Граѓаните патуваат во Радовиш, не чувствувајќи ја вредноста на општината поради незадоволени потреби. Нема едношалтерски систем, полициска станица (потребна за зголемена безбедност), канцеларија за вработување, социјални прашања или земјоделство. Ова кај граѓаните предизвикува иселување, иако имаат куќи, имоти и обработливи површини.

**Влијание на проектот:**

Влијание врз животот и економијата, при што се заштедуваат средства за добивањето неопходни граѓански услуги. Немањето соодветни институции кај граѓаните поттикнува иселување, а тоа мора да се менува!

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Конче

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Буџет** 10 милиони денари

## Изградба на модерна регионална депонија во Конче

Изградба на општинска депонија по стандарди за безбедно складирање и депонирање отпад од домаќинствата. Проектот ќе опфати изградба на инфраструктура, мала станица за возила, простор за складирање и ограден вкупен простор за депонирање. Ќе се вклучат системи за рециклирање, контролирано депонирање и мониторинг на загадувањето, заштитувајќи ја околината. Планирано е и ангажирање локален тим за одржување и едукација на граѓаните за селекција на отпад, осигурувајќи чиста и здрава заедница.

**Влијание на проектот:**

Влијание врз целокупната животна средина и здравјето на сите граѓани, како и домашните и дивите животни што живеат во овој природен регион.

**Целна група:**

Граѓани на Општина Конче

**Рок на реализација** 2025 - 2026

**Буџет** 30 милиони денари

# ПРОЕКТИ

## Бесплатен превоз во два правци за сите граѓани од селата до Радовиш

Општината конечно ќе го регулира превозот со општински средства и ќе отвори општински линии што ќе ги субвенционира од буџетот за сите граѓани на Општина Конче, а со цел да се надмине децениските проблем на патувањето до административниот центар Радовиш и назад. Планирани се три дневни линии (утро, пладне, попладне) со модерни комбиња, вклучувајќи и сезонски превоз за земјоделци. Ќе се изградат автобуски постојки со натстрешници и ќе се обезбеди пристапност за лица со попреченост, олеснувајќи го секојдневието и спречувајќи иселување.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе има големо влијание врз целокупната популација, а посебно за повозрасните лица и пензионерите, жените и сите работници што патуваат до работното место.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Конче

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Буџет** 10 милиона денари.

## Изградба и реконструкција на стадионот во Конче со трибини и соблекувална за деца и спортисти

Во Конче, како место со голема фудбалска традиција, овој спорт е изумрен поради немање соодветни спортски терени за групни настани и тренинзи. Проектот предвидува реконструкција на фудбалскиот стадион, изградба на трибина од едната страна и реконструкција на објект за соблекувални за спортистите, како и настап на гости. Ќе се додаде модерно осветлување, вештачка трева и простор за младите да тренираат, оживувајќи го спортот. Планирано е и организирање локални турнири за привлекување на заедницата, со цел да се поттикне здравиот животен стил и да се задржат младите во општината.

**Влијание на проектот:**

Општо влијание врз здравјето на граѓаните што спортуваат, како и зголемување на интеракцијата меѓу граѓаните на Општина Конче.

**Целна група:**

Млади, возрасни, спортисти, љубители на спортот, ученици од училиштето.

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 30 милиони денари.

## Изградба на рекреативен и зелен простор за млади и возрасни во Конче со базен, фитнес-центар и просторија за кафе-дружење

Во Општина Конче недостасуваат основни услови за престој, живеење и дружење на младите луѓе. Со изградба на ваков повеќенаменски простор со базен, кафетерија, зелен простор за прошетки и фитнес-центар ќе се создадат минимални услови за рекреација на младите и ненапуштање на родното место уште во младоста. Услугите ќе бидат главно бесплатни.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе има позитивно мотивирачко влијание врз младата, но и целата популација во селата во Општина Конче, кои ќе добијат простор за дружење и размена на искуства.

**Целна група:**

Младите, возрасните, пензионерите, жените и децата.

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 15 милиони денари

## Уредување на селските гробишта со вработени за одржување и погребување

Гробиштата во Општина Конче се оставени на грижата на црквата и самите граѓани. Со овој проект општината целосно ќе ги преземе под контрола да ги уреди инфраструктурно, да ги огради и да ги изгради потребните објекти во рамките на гробиштата. Општината ќе организира и работна група што ќе работи само на нивно одржување во текот на целата година.

**Влијание на проектот:**

Уредување на селските гробишта како и нови вработувања.

**Целна група:** Граѓаните на Општина Конче

**Рок на реализација** 2025 - 2026

**Буџет** 20 милиони денари

# ПРОЕКТИ

## Воведување систем на бесплатни комунални услуги за вода, одвод и смет за сите граѓани на Општина Конче

ЈП „Лакавица" - Конче ќе воспостави правилен систем на стопанисување со водоводите и во делот на наплатата на услугите, при што има граѓани што редовно плаќаат и граѓани што не плаќаат комунални услуги. Општината ќе го преземе финансирањето на услугите на ЈП „Лакавица" на товар на **буџет**от со цел да создаде еднакви комунални услуги за сите граѓани.

**Влијание на проектот:**

Големо влијание врз животот на граѓаните во сите села во Општина Конче и еднакви услови за водоснабдување со квалитетна и чиста и во доволни количини вода.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Конче

**Рок на реализација** 2025

**Буџет** 10 милиони годишно

## Основање земјоделска кооператива како здружение на земјоделци за заедничко настапување, организирање, продажба и развој.

Земјоделството, како основна или дополнителна егзистенцијална дејност за голем дел од работното население во нашата општина, се соочува со низок степен на развој и сериозни предизвици. Потребни се итни и конкретни мерки за подобрување на состојбата, како што се обуки, семинари, групирање во здруженија и заеднички пласман на пазарот, преговори со тутунски комбинати за подобра цена и субвенции за производство. Со општински средства ќе се набават модерни машини за кооперативи по пристапни цени, како и заедничка набавка на ѓубрива и препарати.

**Влијание на проектот:**

Општо големо влијание на развојот на земјоделството од рурално кон модерно и напредно во согласност со ЕУ-стандардите.

**Целна група:**

Сите земјоделци од Општина Конче (тутунопроизводители, полјоделци, градинари, овоштари, сточари)

**Рок на реализација** 2026

**Буџет** 30 милиони денари

# Изградба на повеќе значајни проекти за рурален туризам и културно-историско наследство на Конче низ вековите, кој целосно ќе го сменат ликот на Конче.

Во Конче постои вековно културно и историско наследство чија реконструкција може да го претвори во туристичка дестинација во РС Македонија. Потребно е да се реконструираат:

- Манастирот „Свети Стефан“ (13 век).
- Муслиманското „Турбе“ во Лакавица.
- Кулата на Катарина Кантакузина (14 век).
- Воената кула на Ракрсница Лакавица - Конче.
- Неолитски објект на Габрешка Чука.
- Етносело Горни Липовик (19 век).
- Езерски парк за рекреација и риболов.
- Музеј-училница во Дедино за фолклорно наследство.
- Полициска зграда со типична фасада.
- Дом на културата како центар со годишна програма.
- Главна улица кон турското маало со биста на Кемал Ататурк.

**Влијание на проектот:**

Проектот ќе има големо влијание за целосниот развој на Конче, подобрување на условите за практикување на културата, зголемување на посетеноста на Конче од надворешни и внатрешни туристи и поттикнување на руралниот туризам кај граѓаните.

**Целна група:**

Сите граѓани на Општина Конче

**Рок на реализација** 2025 - 2029

**Буџет** 100 милиони денари.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- **„Конче“**
- Реконструкција и доградба на водоводи и систем за одведување во Конче
- Изградба на два нови бунара за пивка вода за дополнување на потребите на Конче
- Уредување на Училиштен центар „Гоце Делчев“ - Конче.
- Ново спортско-рекреативно игралиште во Конче во близина на турските гробишта.
- Изградба на современа општинска депонија во с. Конче
- Изградба на нови селски улици по стандарди
- Реконструкција и уредување на главната улица во турска маала со име „Кемал Ататурк“
- Уредување на централноопштински центар со нова фонтана и нов подобрен изглед
- Проект за изградба на нова минибрана Пожар за наводнување на земјоделски површини со полнење од бунар.
- Реконструкција и доградба на општинска амбуланта со нови одделенија.
- Изградба на општински зелен пазар за земјоделци и граѓани од сите населени места.
- Доизградба на патот Лубница – Пепелиште за поврзување со Конче
- Реновирање на старата полициска станица во реновирана зграда со нова фасада со намена за полициска станица и противпожарна станица во Конче.
- Тампонирање и асфалтирање на полските патишта Конче - Долни Липовиќ, Конче
- Изградба на рекреативен и зелен простор за млади и возрасни во Конче со базен, фитнес-центар и просторија за кафе-дружење.
- Фестивал на конечката култура со вечер на поезија, настап на фолклор и слободно стил на борење
- Реконструкција на манастирот „Свети Стефан“ - Конче како историско-културен објект од голема културна вредност за Конче
- Уредување на локалитетот на „Турбето“ во Лакавица
- Уредување и одржување на селските македонски и турски гробишта.
- Асфалтирање на полскиот пат до езерата Конче 1 и 3 за земјоделска намена и како патека за пешачење од Конче до езерата.
- Изградба на систем за дополнување со вода за Конечки Езера во текот на целата година за наводнување и рурален туризам, проект „Езерски парк Конче 1“
- Отворање типски кафе-објект или ресторан со субвенција за дружење на младите и граѓаните

## „Дедино“

- Реконструкција на селски водовод и нов бунар за дополнување на нови количини
- Доуредување на селски дом во Дедино како постојана канцеларија на Општина Конче
- Реконструкција на старата селска сала во Дедино во музејот за Леарницата и на фолклорот и патриотско минато на Дедино
- Изградба на меморијален парк во Дедино
- Изградба на нови улици и тротоари
- Проект за изградба на систем за наводнување капка по капка со вода од бунар.
- Тампонирање и асфалтирање на полски патишта
- Отворање типски кафе-објект со субвенција за дружење на младите
- Изградба на постојка во селото за полнење вода за земјоделците
- Доизградба на новото речно корито во Дедино
- Уредување на речното корито што поминува покрај гробиштата и новата улица
- Уредување и одржување на селските гробишта

## „Ракитец“

- Реконструкција на Дом во с. Ракитец во социјален центар за дневен престој и рехабилитација на стари лица
- Реконструкција на селски водовод и селска мрежа
- Изградба на нови улици и тротоари
- Изградба на речно корито на Ракичка Река
- Тампонирање и асфалтирање на полски патишта
- Повторно отворање на селската Амбуланта со субвенција од општината.
- Уредување и одржување на селските гробишта
- Изградба на рурален парк „Двете чешми“ Ракитец.
- Асфалтирање на патот за местото Посералица.
- Отворање типски кафе-објект со субвенција за дружење на младите
- Изградба на постојка во селото за полнење вода за земјоделците

## „Габревци“

- Реконструкција на главна улица во с. Габревци,
- Изградба на нов културен дом со музејска поставка за грнчарство.
- Изградба на нови улици и тротоари
- Реновирање на селскиот водовод
- Изградба на нови два бунара за дополнителни количини за наводнување со системи капка по капка
- Тампонирање и асфалтирање на полските патишта
- Изградба на мегалитски објект „Габрешка чука“ - туристички проект.

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- Уредување и одржување на селските гробишта
- Отворање селска продавница со субвенција
- Отворање типски кафе-објект со субвенција за дружење на младите
- Изградба на постојка во селото за полнење вода за земјоделците

**„Долни Липовиќ"**

- Уредување на централното селско подрачје Долни Липовиќ
- Реконструкција на селскиот водовод
- Изградба на нови улици и тротоари
- Изградба на нов бунар за дополнителни количини пивка вода
- Отворање клон на детска градинка
- Изградба на нови два бунара за дополнителни количини за наводнување со системи капка по капка.
- Тампонирање и асфалтирање на полските патишта

- Уредување и одржување на селските гробишта
- Отворање типски кафе објект со субвенција за дружење на младите
- Изградба на постојка во селото за полнење вода за земјоделците

**„Горни Липовиќ"**

- Проект „Етносело Горни Липовиќ"
- Уредување на централното селско подрачје во Горни Липовиќ
- Доработка и доградба на локалниот пат Долни Липовиќ - Горни Липовиќ
- Реконструкција на селски водовод
- Реновирање на училиштето со нова фасада
- Изградба на нов бунар за дополнителни количини пивка вода
- Изградба на нова бунар за наводнување со системи капка по капка.
- Тампонирање на полски патишта

- Уредување и одржување на селските гробишта
- Отворање на селска продавница со субвенција
- Отворање типски кафе-објект со субвенција за дружење на младите
- Изградба на постојка во селото за полнење вода за земјоделци

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА